**ИНФОРМАЦИЈА**

од одржаната 23-та Синдикална школа на Синдикатот на УПОЗ

Од 16 до 18 март 2012 година во х. Славија – Спектар, Охрид се одржа 23-тата Синдикална школа на Синдикатот на УПОЗ. Оваа школа претставува традиција која се одржува секоја година и претставува карактеристика на Синдикатот на УПОЗ како еден од синдикатите со најдолга традиција во поглед на едукацијата за своите членови.

Вообичаен термин за одржување на школата беше третата недела од месец Февруари, но поради лошите временски услови, одржувањето на школата беше презакажано за месец март. На школата присуствуваа околу 100 – тина учесници од 24 синдикални организации кои покажаа голем интерес за предавањата презентирани на истата.

Оваа година на школата присуствуваше и свечено ја отвори **министерот за информатичко општество и јавна администрација, Иво Ивановски** кој говореше на тема **„Реформите во јавната администарција – потреба или цел сама за себе?“**

Во своето предавање, министерот Ивановски се осврна на неколку теми кои се од значење за вработените во јавната администрација. На почеток се постави прашањето дали во Република Македонија има голема и ефикасна администрација или според бројот на жители нема доволен број на вработени во јавната администрација? Според сите податоци во РМ се смета дека јавната администрација е обемна, но во анализата не е спомнато според која методологија, факти или индикатори се наведува дека админстрацијата е обемна. Според анализите што ги има спроведено МИОА, бројот на вработени во администрацијата зависи од бројот на вработени кои се опфатени со Законот за државни службеници или бројот на вработени во администрацијата кој се опфатени со Законот за јавни службеници.

**“Современо синдикално лидерство”** беше втората тема на оваа Синдикална школа презентирана од **проф. Константин Петковски, професор на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола.** Во тој контекст професорот истакна дека синдикалното организирање и делување, треба да се приспособи на новите општествено, економски и политички услови. Имено, од досегашниот традиционален пристап дека Синдикатот претставува и се доживува од неговото членство, како организација која сервисира – дава услуга, треба да се трансформира и прерасне во Синдикат како организација која организира. Од членството се бара да го променат начинот на размислување, а потоа и начинот на делување.

За да се изгради синдикат што организира, како форма на современ синдикат потребно е силно синдикално лидерство на сите нивоа. Особено е значајно тоа да се воспостави на ниво на синдикални организации. За таа цел е неопходно потребно континуирано оспособување на членството, особено за некои од аспектите на лидерството. Професорот Петковски во две исцрпни излагања и преку вежби се обиде да ги анимира присутните членови и да го задржи нивното внимание со презентација која ќе им користи во водење на натамошните синдикални активности. Тој се обиде да го објасни поимот **ЛИДЕРСТВО**.

Синдикалната школа како едукативна средба повеќе години station наназад е дел од активностите на Синдикатот на УПОЗ. И оваа година одзивот беше на забележително ниво за што доказ е присуството на околу стотина учесници, но загрижува фактот што (иако мал број) дел од учесниците школата ја сфаќаат како туристичка средба и сосема малку или воопшто не учествуваа во работата на школата. Меѓу нив имаше и членови на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, а имаше и неколку случаи на потпишување на листата за присуство за повеќемина од страна на еден учесник.

Исто така, негативен е трендот на застапеност од вкупниот број на синдикални организации, односно од вкупно 94 синдикални организации на Синдикатот на УПОЗ присутни беа учесници од само 26 што претставува малку повеќе од ¼ од вкупниот број на синдикални организации. Од овие причини потребно е за наредната школа, при усвојувањето на оваа информација да се продискутира за издржаноста на одржување на Синдикалната школа на Синдикатот на УПОЗ.

Истовремено може да се каже дека школата беше добро организирана, а презентирани беа две актуелни теми за членовите на Синдикатот на УПОЗ. Посетата на Министерот беше од големо значење за Синдикатот како целина, а вкупната организација, како што се забележа од слушателите беше одлична.